

**Квалитетот не е чин туку навика**

Обраќање на Олга Ристеска, Шеф на Хемиска лабораторија

**Спонзорства**

Апокалиптика
Бјело дугме
Ванеса Меј

Бр. 12 Мај 2017 www.vitaminka.com.mk

# ИНФОРМАТОР




Нова кампања „Двеодоливо“

## Иновативни и креативни во секој поглед

**ВИТАМИНКА АД Прилеп**
Леце Котески 23, 7500 Прилеп,
048 407 407, 048 407 434
contact@vitaminka.com.mk
www.vitaminka.com.mk

# СОДРЖИНА




стр.3

**Квалитетот не е чин туку навика**

Обраќање на Олга Ристеска, Шеф на Хемиска лабораторија

стр.5

**Витаминка успешно се претстави на Food expo во Атина**

Саеми

стр. 6 и 7

**Стоби Флипс и Чоко Стоби Флипс на стикери за viber**

**Иновативни и креативни во секој поглед**

Актуелно кај нас

стр.10 и 11

**Времеплов**

Низ годините

стр. 12

**Создаваме нови производи, градиме нови брендови**

Нови производи во Витаминка

стр.15

**Да ги оспособиме и едуцираме младите генерации е уште една наша функција**

Посети во Витаминка

стр.17

**Музика, емоции и Витаминка**

Концерти









Обраќање на Олга Ристеска,
Шеф на Хемиска лабораторија

# Квалитетот не е чин туку навика



**Олга Ристеска**
*Шеф на Хемиска лабораторија*

Почитувани колеги,

Во „Витаминка“ дојдов пред нешто повеќе од три години и уште првиот ден го научив основното правило - дека квалитетот е број еден, дека општо познатата изрека „човечки е да се греши" во производството на храна не важи.

Вработените во Секторот Контролно - развојна лабораторија во чиј состав работам јас, сме тие кои не смееме да згрешиме ниту да пропуштиме нечија друга грешка, бидејќи таа грешка доаѓа до трпезата на нашите потрошувачи. Квалитетен производ чини пари, но „неквалитетен“ чини неспоредливо многу пари и загуба на имиџот на фирмата. Квалитетот е одговорност на секого, а мојата функција е да утврдам дали секој во процесот на производство е одговорен при своето работење. Квалитетот никогаш не е случаен, тој секогаш е резултат на големи залагања, правилни насоки и интелигентни вештини, што е широк спектар на многу алтернативи.

Низ долгогодишното постоење на Хемиската лабораторија се развиени низа методи за испитување на физичко - хемиските карактеристики на репроматеријалите (суровините и амбалажата) и полупроизводите, развиени за нашите потреби сè со цел задржување на стандардниот квалитет на нашиот асортиман на производи.

Хемиската лабораторија е истовремено е и една „современа кујна“ во која со многу љубов, посветеност, знаење, стручност и искуство секојдневно се “готви“ зародишот на нови производи. Се прават многу проби, меѓутоа многу од нив не се сосема успешни и остануваат само запишани во лабораториските дневници. Онаа проба која ќе ги помине сите “препреки“ и ќе добие одлична оцена од страна на членовите на Дегустационата комисија, станува нов производ - нов член на фамилијата производи од „Витаминка“.

За мене е предизвик и привилегија да се биде дел од Тимот на Контролно - Развојната лабораторија на Витаминка, зашто тоа е работа што не учи да се справуваме со секојдневни непланирани ситуации, кои бараат навремена и правилна реакција, за на крај сето тоа да резултира со квалитетни, вкусни и безбедни производи кои изнудуваат насмевки на лицата на нашите потрошувачи.

Со почит,
Олга Ристеска,
Шеф на Хемиска лабораторија



## Интервју со Здравко Консулоски,
### Управник на РЕ Чоколада, кремови и чоколадирани производи, Координатор на стандарди за квалитет

# Воведувањето стандарди значи голема предност за компанијата



**Господине Здравко, како одговорен за стандардите за квалитет и безбедност на храна, што значат стандардите за квалитет? Дали може да дадеме едно посуштинско објаснување?**
Стандардите претставуваат рамка за воспоставување, но и за одржување на веќе воспоставени системи за квалитет и системи за безбедност на храна. Системот за квалитет е начин на кој компанијата управува со квалитетот. Овде под поимот квалитет не се подразбира само квалитетот на производите туку на квалитетот на деловното работење и квалитет на самата компанија, што вклучува односи со купувачи и добавувачи, однос со засопслените и ресурсите. Во процесот на реализација на системот за управување со квалитет вклучени се сите вработени во компанијата така да секоја карика во ланецот на производство носи и свој дел на одговорност за процесите кои ги извршува.

**Каква е предноста од стандардите за една компанија?**
Во секоја смисла на зборот и во секој сегмент каде се воведуваат стандарди, предноста за компанијата е голема. Пред се тоа значи дека компанијата е одговорна кон своите потрошувачи и кон институциите на системот. Стандардите овозможуваат поголема конзистентност во активностите за постигнување на целите на компанијата, подобра внатрешна комуникација, зголемување на ефикасноста преку подобрено користење на ресурсите, константно подоврување на производите и процесите. Крајната цел и на системите за управување со квалитет и системите за безбедност на храна е постигнување на задоволство на купувачите, со производство и пласман на производи со стандарден и виосок квалитет и производи безбедни по здравјето на купувачите. Стандардите им помагаат на потрошувачите во секојдневниот избор помеѓу еден и друг производ. Стандардите може да поттикнат нови, возбудливи и иновативни идеи. Ја зголемуваат конкуретноста на компанијата и ги отвораат пазарите за нови производи и меѓународна соработка. Сето ова е само почеток, постојат уште многу придобивки од стандардизацијата.

**Што значи воведување на нов стандард, дали тоа подразбира нова инвестиција, промени и унапредување на производството?**
Во зависност од тоа за каков стандард станува збор, колку е напреден и на што точно се однесува зависи големината на инвестицијата, но секогаш тоа е инвестиција. Воведувањето нов стандард секогаш е промена кон подобро, чекор напред и унапредување. Тоа е одлука со која вложуваме за растење и проширување на компанијата.

**Како доаѓа до воведување на нови стандарди, дали тоа е избор и стратешка определба на самата компанија или пак е законска обврска?**
Пред се, соодветно на глобално постоечките и сертифицирани стандарди, ние како компанија избравме да понудиме висок квалитет на производите па го имплементиравме тој стандард, избравме нашите производи да се безбедни а истовремено да бидеме и одговорни кон животната средина, па затоа ги имплементиравме сите тие стандарди. Последно сертифицираниот стандард што го поседуваме е Халал, кој што исто така е наш избор. Меѓутоа, некои од стандардите доаѓаат како законска обврска што секоја компанија мора да ги има, без разлика во кое поле.

**Во моментов колку стандарди се имплементирани во Витаминка?**
Засега работиме според стандардите што не свртуваат меѓу компаниите со најмногу сертификати во земјава. Имаме имплементирано Систем за управување со квалитет, соодветно со стандардот ISO 9001:2008, Систем за управување со животна средина, соодветно со стандардот ISO 14001:2004, Системот за безбедност на храна, соодветно стандардот IFS. Исто тука е и Халал системот, којшто го воведовме неодамна и ни отвори нови пазари и можности за извоз. Додека пак HACCP системот за безбедност на храна е законска обврска соодветно важечкиот Закон за безбедност на храна.

**Дали се планира воведување на нови стандарди и кои?**
Како што технологијата оди напред, како што се појавуваат нови тенденции и трендови, така и ние го следиме истиот чекор. Понекогаш новите стандарди се законска обврска, а понекогаш се тоа е наш избор соодветно на потребите и барањата на потрошувачите. Сеедно од кој аспект, Витаминка секогаш оди напред и се менува, подобрува соодветно на менувањето на пазарот.






# Витаминка успешно се претстави на Food expo во Атина









Со целосниот асортиман вклучувајќи ги најсилните брендови, на голем изложбен простор Витаминка првпат се претстави на саемот за храна, Food expo 2017 во Атина. Саемското претставување беше проследено со презентации на производни програми и дегустации на производи. Сето тоа предизвика големо внимание од присутните трговци, сопственици на ланци супермаркети и граѓани.

Ова успешно и впечатливо претставување во Атина беше исклучително важно посебно во време кога секторот за храна е еден од најдинамичните области. На овој начин видовме какви се реакциите на нашите производи започнувајќи од изгледот, дизајнот и се разбира вкусот и да ги измериме преференциите на пазарот. Токму затоа, нашиот тим што беше присутен на саемот, целата презентација ја осмисли со цел производите на Витаминка да станат познати и поблиски за посетителите.

А саемот во Атина со 1.200 изложувачи на изложбен простор од 45.000 метри квадратни, Food expo 2017 е најголемиот саем за храна и пијалаци во Грција и еден од водечките меѓународни саеми од ваков вид во светот. Важи за еден од најкомпетитивните во однос на бројноста на домашните изложувачи и странските посетители. Оваа година саемот беше посетен од повеќе од 46.000 професионалци од 88 земји од целиот свет.

После едно вакво претставување, навистина можеме да се надеваме на добар прием и пласман на нашите производи на кој било пазар.

Трет самит за FMCG

# Собир на кој се отворија нови хоризонти за компанијата

Како компанија што е најголем и најстар производител на кондиторски производи, Витаминка беше учесник на третиот регионален FMCG-самит. FMCG-секторот е еден од најбрзо растечките и со тоа најзначајните сектори во македонската економија. Токму затоа овој настан се повеќе добива на значење како место каде се присутни сите најважни играчи од индустријата и нашето присуство е повеќе од корисно и потребно.

На самитот беа присутни 270 учесници од над 90 компании, истражувачки агенции, консултанти и FMCG-професионалци од Словенија, Хрватска, БИХ, Србија и Македонија.

Воедно, присуството на овој самит покрај споделување на искуства со компании од секторот од целиот регион, па и пошироко, разменување мислења и коментари, нас ни овозможи уште еден контакт и запознавање со директната конкуренција, на пазарите каде сме присутни и измерување на условите.



## Нова кампања на Витаминка

# Иновативни и креативни во секој поглед




Безброј примери во годините наназад многупати нè убедиле дека како компанија сме единствени во многу аспекти. Покрај големината, бројноста на производните програми, силните и изградени брендови, секогаш сме биле иновативни и во комуникацијата. Секогаш создаваме интересна и двонасочна комуникација што се истакнува од мноштвото рекламни кампањи. Последната таква кампања е „Дводоливо" наменета за Чоко Стоби Флипс.

Што ја прави оваа кампања посебна, интересна и забавна? Покрај фактот дека е создадена за еден од омилените производи, Чоко Стоби Флипс, уште ја истакнува уникатноста на различностите, посочува на спојки производи што ги користиме секојдневно, а никогаш не сме се запрашале од каде потекнуваат. Можеби историските факти би кажеле нешто сосема поинакво за тоа како настанале ролерите или балонот на топол воздух, но убавото е во создадената аналогија и динамиката. На крајот, со илустрирање на создавањето на Чоко Стоби Флипс како дведолива комбинација, се постигнува вистинскиот ефект. Чоко Стоби Флипс секогаш ќе биде сметан за уникатен, вкусен спој што нè инспирира да си поставиме прашање и да го побараме потеклото токму на таквите спојки.

Појдовна точка за креирање на кампањата е самиот производ, којшто е интересен и претставува совршена комбинација од два убави вкуса, омилени засебно и навидум неспоиви. Но, токму иновативноста на нашите вработени во создавањето на совршениот микс од највкусниот флипс и најдоброто чоколадо, доведе до создавањето на оваа интерсна кампања.

Кампањата токму тоа го потенцира, на многу забавен и непосреден начин ги илустрира најкористените и најкорисните спојки во современото живеење. Прикажува како од различни предмети споени заедно создаваат нешто ново и подобро. Дури и слоганот на кампањата, Дведолива комбинација, е резултат на едно такво мешање на два елементи.

Интересната, динамична и инспиративна 3Д анимација е само почетокот на оваа сеопфатна, интегрирана кампања, која продолжува и со други интересни активности со кои се воспоставува, двонасочна комуникација.

# Стоби Флипс и Чоко Стоби Флипс на стикери за viber

Го направивме и тој чекор, за брендовите Стоби Флипс и Чоко Стоби Флипс создадовме стикери за Viber. Со тоа станавме една од ретките, неколку македонски компании што имаат јазично - локални релевантни стикери. Вкупно 29те стикери изразуваат различни забавни и емотивни ситуации коишто се употребуваат во секојдневната комуникација на корисниците без разлика на возраста и стилот на комуницирање. Стикерите се со една вообичаена и често користена комуникација, прилагодена на наш јазик, форми на поздравување и оштење што се вклопува во секојдневието, но истовремено дава една забавна и интересна нота.
Виралното ширење на стикерите помеѓу Viber корисниците овозможува брендовите да ја прошират својата порака брзо и до голем број потрошувачи кои што ненаметливо ги споделуваат препознатливите имиња, бои и логоа со своите пријатели. За нас, создавањето стикери и влегувањето во виралната зона, на виртуелна и забавна комуникација е одење чекор понапред во јакнењето на овие два, наши силни брендови, но исто така значи и зацврстување на комуникацијата со потрошувачите. Со овој чекор ги следиме трендовите и навиките на нашите корисници и тоа посебно кога станува збор за развивање на интерактивна, двонасочна комуникација. И затоа, при развојот на брендовите внимаваме насоката кон која се движиме да одговара и на навиките на потрошувачите, но исто така да биде соодветна карактеристика и начин на комуникација за самиот бренд. Стикерите за Стоби Флипс и Чоко Стоби Флипс се нова и следна фаза во растење и развивање на двата бренда.
Како интересен, динамичен и над сè креативен начин за комуницирање, Viber стикерите сè повеќе се користат и надвор од границите на пријателската комуникација. Интересен податок којшто уште повеќе зборува за значењето на овој чекор е тоа што Viber опцијата е една од најпопуларните мрежи за комуницирање во Македонија и има голем број локални корисници коишто секојдневно испраќаат текстуални пораки и телефонски разговараат со пријателите. На глобално ниво, минатата година биле споделени 26 милијарди стикери помеѓу корисниците на Viber во целиот свет. Тие се доста видливи, интерактивни и популарни, особено помеѓу помладата публика која што често ги користи како замена за популарни фрази но и забавна комуникација.



Работиме во...

# Обезбедување

Технолози, лаборанти, пакери, магационери, возачи, дистрибутери, мерчендајзери, комерцијалисти и уште многу други професии коишто прават секој ден Витаминка да вибрира од енергијата за создавање на најразлични вкусови, слатки, солени и крцкави. Тоа е нашата Витаминка, богата во секој поглед и во производи и брендови, но и во вработени и нивните професии. Сите професии ангажирани во Витаминка, произлезени од различни надлежности ги поврзува едно нешто – одговорноста и професионалноста. Секоја професија ги зближува луѓето, колегите кои што секојдневно ги делат истите обврски и се соочуваат со истите предизвици. Но, секој од нив има посебен однос кон сопствената професија, дали е тоа приказната кога и како започнал да работи во Витаминка, или настани што се случиле и оставиле трага. Овој пат колегите од обезбедување раскажуваа за нивната професија, за тоа што се случува откако ќе заминеме сите дома и откако сите ќе заспијат.

## Илчо Перески



Што во суштина значи обезбедување на објект? Тоа е навистина широк поим со многу аспекти, којшто бара и пошироко разработување. Пред се, луѓето што го обезбедуваат објектот, не се само физички присутни, туку целото нивно внимание е насочено и подеднакво поделено на сите страни, звуци и збиднувања околу него, во текот на денот или ноќта. Лицето обезбедувач треба да внимава на сè, затоа што живееме во неизвесно време што секојдневно создава нови криминалци, дали внатрешни или надворешни, а според надворешниот изглед не може да се препознае кој е или не е криминалец. Исто така, денешните криминалци на располагање имаат секакви апарати и помагала, само за незабележан криминал.

Токму затоа сме обучени да препознаеме извесни специфики, кои покажуваат на одреден напад на објектот што се заштитува. Истото се однесува и кога станува збор за криминални случаи од внатре, пример кражба и слично, читаме лица и однесување за да процениме дали можеби некој се осмелил да направи некаква штета, без притоа да навредиме некој невин. Обезбедувачот со својот идентитет треба психички да навлезе и во идентитетот кај поединци кои понекогаш имаат криза. Исто така, треба да изгради авторитет и со своите манири треба да ги покаже своите вредности за да биде ценет од сите вработени а и од неговите претпоставени. Само на тој начин можеме да придонесеме за

## Сашо Ангелески



Планирањето и проценката на ризикот во функција на заштита и обезбедување на вработените и имотот треба да биде ажурно, навремено и континуирано. Доследното извршување на работните активности претставува основа врз која се градат нашите работни обврски како вработени во Секторот за правни и општи работи на позицијата Обезбедување.
Целосната и недвосмислена професионалност во извршувањето на дадените задачи претставуваат моја лична одговорност и цели кои треба да го извршам во работниот ден. Обезбедувајќи навремена, брза и ефикасна контрола и евиденција на влезот и излезот на компанијата како и проследување на странките до референтите, претставуваат дополнителен предизвик на работното место и поттик за сè поголема ангажираност и посветеност во работењето со цел с è поголем и посигурен успех во работењето на АД Витаминка.

## Марјан Андриески



Во Витаминка работам од 2001 година. Во моето досегашно работење имаше и добри моменти и помалку непријатни случки, што како обезбедување брзо и ефикасно сме ги решавале. Секогаш како служба сме имале безрезервна поддршка од раководството на чело со Претседателот на одбор на директор господин Симон Наумоски и Генералниот извршен директор господин Сашо Наумоски и секако директорот на Секторот за правни и општи работи, господин Орде Ѓорѓиоски. На сите нив лично и посебно им се заблагодарувам за коректниот однос, дадената доверба како и за создавањето на компанија каде што сечии права се важни, а меѓусебното почитување е на мошне високо ниво.
Токму таквиот однос и работна атмосфера, придонесува за нашата, одговорна и стресна работа, да ја прифаќаме и спроведуваме со леснотија.

# ВРЕМЕПЛОВ



1986



1991



1995



1995



2001




2001



2002



2006



2014



2015



2016



2016

## Нови производи од Витаминка

# Создаваме нови производи, градиме нови брендови













Под растење и развивање на компанијата кај нас се подразбира постојано зголемување на производите и проширување на производното портфолио. Последното нешто убаво и вкусно создадено од нашите технолози и во нашите капацитети се новите Сарита, чајното печиво. Ова чајно печиво со 5 целозрнести житарки, покрај основниот вкус со млеко и мед, сега е збогатено со уште два нови вкуса, Сарита чоколадо и Сарита со лешник и чоколадо.

Покрај бенефитите од составот од 5 целозрнести житарки, чајните печива Сарита се збогатени уште и со калциум, железо и витамини. Со воведувањето на новите чајни кекси, создадовме нов бренд којшто од самиот почеток се истакнува на пазарот со своите особености. Сарита е вкусна здрава закуска, кекси со податлива и интересна форма, во привлечно и едноставно пакување, кое ги истакнува токму карактеристиките. Новите кекси се создадени како одговор на потребите и барањата на потрошувачите и несомнено пополнија една празнина на пазарот во овој сегмент.

Во нашата работа и сегментот храна и кондиторија, секогаш се цени креативноста, инвентивноста, премиум вкус и висококвалитетни состојки. На тоа се надоврзува и да сме единствени и први на пазарот, со што си ја зацврстуваме лидерската позиција, а воедно и поставуваме нови стандарди. Со создавањето нови производи го движиме пазарот напред.

Овој пат создадовме ексклузивен и првокласен производ, по вкус, изглед и пакување. Секогаш привлечните и посакуваните чоколадни дражеи ретко кој ги произведува, а често се барани и посакувани. И тука како компанија предничиме и создадовме четири нови вкуса чоколадни дражеи кои се наменети за сите, деца и возрасни кои сакаат да уживаат. Четирите префинети вкуса се направени од висококвалитетни, избрани и рафинирани состојки. Чоколадно дражеј со јадро од бадем создадено од првокласен бадем прелиен со темно чоколадо, чоколадно дражеј со јадро од портокал, чоколадно дражеј со лешник и чоколадно дражеј со аронија. Со секој ден работа одиме чекор понатаму и создаваме нови, интересни и неодоливи производи кои се наменети за сите и го збогатуваат светот на вкусови на Витаминка.









# Исполнети пензионерски денови и посакуваме на Павлинка



Нашата драга колешка Павлинка Тренкоска ги започна своите пензионерски денови. После 35 години работа во Витаминка, исполнети со обврски, со задачи и работа со своите колеги, Павлинка се препушта на едно поинакво секојдневие и влегува во најубавиот период од животот.

Павлинка кариерата во Витаминка прво ја започна на позицијата дактилограф во 1982 година, потоа подолго време работеше како архивар, а последните десет години како технички секретар на Претседателот на Одборот на директори. На секоја од позициите се покажа како голем професионалец, одговорен работник, искрен колега и докажан пријател.

Најблиските колеги од секторот ја испратија со подароци и желби за убави пензионерски денови, а сите ние ќе кажеме дека беше задоволство да се работи со неа и ѝ посакуваме безгрижно и исполнето секојдневие.

# Работник на месецот

Овој пат за работник на месецот е избран Ангелчо Котев, опслужител на пакетица.

Ангелчо во изминатиот период се покажа како одговорен работник кој покажува иницијатива и успешно ги завршува поставените задачи без разлика на кое работно место работи. Не помалку важно како причина што придонесе за Котев да биде избран за работник на месецот е остарувањето норми во работницата единица каде е ангажиран, професионалниот однос кон работата и колегијалноста кон своите колеги и останатите вработени.

Честитки Ангелчо!



Холандски студенти во Витаминка

# Зошто иднината им ја отстапуваме на младите





Неодамна бевме посетени од студенти од Универзитетот Гетиде во Холандија. Групата десетина студенти изготвија проект за продажба на наши производи на холандскиот пазар.

Посетата беше со цел пред Претседателот на Одборот на директори на Витаминка, Симон Наумоски, директорот на Извоз, Љупчо Велески и шеф во Извоз, Петар Стојковски да го презентираат изготвениот проект.

Задачата за подготовка на планот започна неколку месеци порано, при иницијалната средба кога студентите, гости од Холандија дегустираа дел од производната палета на Витаминка. По сопствен избор тие селектираа неколку артикли за коишто изработија проект за иден пласман на тамошниот пазар. Нивниот впечаток при дегустацијата беше дека станува збор за производи кои се со висок квалитет, визуелен идентитет како и тоа дека се уникатни и би се истакнувале на холандскиот пазар.

Овие млади едуцирани и амбициозни ентузијасти се причината зошто веруваме во младата креативна енергија и зошто ја поддржуваме моќта на образованието. Благодарение на нивната иницијатива, способност и проактивност, се отвора нова перспектива за компанијата и пласман на нашите производи.

Потпишаниот договор за соработка претставува добра можност за Витаминка за пробив и освојување на холандскиот пазар. Тие својата задача ја изработија, ние создаваме производи со квалитет и стандарди соодветни и за странските пазари, останува времето да го потврди квалитетот на нашата работа, како и довербата вложена во младите луѓе.

# Да ги оспособиме и едуцираме младите генерации е уште една наша функција









Изминатиов период имавме навистина голема „гужва“ во нашата компанија, студенти, средношколци и основци беа присутни во нашите погони, лаборатории или пак се запознаваа со целиот синџир за набавка.
Група студенти од четврта година на Економскиот факултет во Прилеп, заедно со предметниот професор д-р Анета Ристеска Јанкулоска, ја посетија Витаминка со цел реализирање на наставата и продлабочување на практичните знаења по предметот Глобални снабдувачки синџири. Студентите практично се запознаа со дел од активностите на синџирите на снабдување на производите коишто ги нуди нашата компанија. Директното и непосредно запознавање со оваа фаза од работата, беше интересно и корисно за нив. Се запознаа со целиот систем на синџирот, следејќи ги етапите во материјали, производствени објекти, дистрибутивни служби и корисници поврзани заедно. Следејќи го овој тек на материјалите и повратниот тек на информациите е запознавање со една сложена и комплексна проблематика. А најдоброто место каде можеа да го видат тоа беше токму нашата Витаминка.
При посетата, студентите ги посетија складишни простории за  суровини и материјали, амбалажа и готови производи.
Учениците од средното основно училиште Орде Чопела, се чести гости кај нас, но секој пат нивниот интерес е насочен кон некој друг аспект или сегмент од нашата работа. Петнаесетина ученици од трета година од профилот Техничар Нутриционист од Хемиско - технолошката струка како дел од својата практична настава, беа во Хемиската лабораторија на Витаминка. Таму тие се запознаа со постапките и технолошките процеси за добивање кондиторски производи, како и следење и анализа. Во текот на посетата со работата на лабораторијата, мерните инструменти како и процесите ги запозна директорот на контролно-развојна лабораторија, Натали Петреска.
За што поефективна едукација, пред нив беа изведени неколку испитувања за квалитетот на некои суровини, а учениците беа запознаени со дел од правилата на испитување на суровините, полупроизводите и амбалажата. Посетата неизбежно заврши со еден друг вид контрола и анализа, дегустација и уживање во дел од нашата широка палета вкусни и квалитетни производи.
Витаминка ја посетија и ученици од Природно-математичката секција при СОУ Ѓорче Петров Прилеп. Во рамките на наставната програма на секцијата по предметите физика и хемија и предвидената посета на погон за производство на храна, тие имаа можност да го видат начинот на производство на Фрути во нашата РЕ Кекси.
Нивниот заклучок од посетата беше дека кекситe се произведуваат со најсовремена технологија со контролиран процес на производство на сите нивоа и со висок степен на хигиена во производствениот погон. Средношколците од ова училиште имаа бројни прашања за стручниот тим, кои се однесуваат на некои процеси. Внимателно слушаа и беа задоволни од добиените одговори, а на крај вкусија и дел од широката палета производи на Витаминка.
А најинтересни и најрадосни гости ни беа триесетина дечиња од детската градинка Наша иднина од Прилеп, кои исто така ја посетија Витаминка. Нивната радост беше неизмерна кога видоа како се произведува нивниот омилен Стоби флипс. Нашите најмлади посетители го видоа и начинот на производство на интегралниот кекс Деспина. Тие беа радосни и среќни што првпат посетуваат една позната македонска компанија која ги произведува нивните најслатки и највкусни производи, забележувајќи дека сè околу нив е чисто и уредно.
Најмалите наши уживатели а воедно највозбудените деца, добија подароци од Витаминка со производи ветувајќи дека повторно ќе не посетат.
Големината и комплексноста на нашата компанија покрај што е интересна за децата од различни возрасти, воедно е многу едукативна и е битен елемент во запознавање со многу образовни единици. Затоа, во посета ни беа и средношколци од трета година од приватното училиште Јахја Кемал од Струмица и Струга кои го слушаат предметот Бизнис, како и ученици од основни училишта од Охрид, основци од Крушево и од Скопје, од Гимназијата Раде Јовчевски – Корчагин и од основните училиштата Рајко Жинзифов и Никола Вапцаров.
Има уште многу што да се види и научи во Витаминка, а ние и понатаму ќе ги произведуваме највкусните и единствени Стоби Флипс, Цевитана, Атлантис, Деспина и ќе се обидуваме да го пренесеме целото наше знаење.

Спонзорства

# Цевитана даунхил Топташ 2017




Со поддршката од Витаминка и брендот Цевитана, како и што беше насловена се одржа Втората меѓународна Даунхил велосипедска трка. На трката учествуваа вкупно 65 натпреварувачи од Македонија, Црна Гора и Бугарија, кои возеа по патеката долга два километри во месноста Топташ. Ова е единствена ваква трка во Македонија и според досегашните реакции станува се поинтересна и попопуларна.
Даунхил спаѓа во адреналинските спортови, не е многу екстремен и опасен. Велосипедистите не се искачуваат нагоре по планината, туку со велосипедите се спуштаат надолу по патека што е исполнета со екстремни скокови и се вози по тешки терени и секции. Спортистите кои се впуштаа во ваква авантура велат дека опасноста од падови е само на почетокот, но потоа даунхил возењето и скоковите стануваат вообичаен спорт, хоби, преокупација.
Сепак оваа адреналинска сензација за учесниците но и за љубителите значи одлична забава и дружба.
Поддршката за ова натпреварување значи дека ние како компанија го поддржуваме секој вид спорт и се што поттикнува натпреварувачки и спортски дух, амбиција и ентузијазам за нови достигнувања. Во овој контекст влегува и сето она што го претставува нашиот најсилен бренд Цевитаната, пијалак што нуди освежување и енергија достатна за нови подвизи, сила за

Донации

# Секогаш подготвени да помогнеме на заедницата





Како резултат на нашата свесност како компанија и улогата што ја имаме во општеството, донираве вредна опрема во Општата болница Борка Талески во Прилеп. Одделението за офталмологија доби нов оперативен стол, заедничка донација од Витаминка и Прилепска пиварница во вредност од 12.500 евра.
Оперативниот стол е неопходна опрема со мултифункционални перформанси и досега, до донацијата беше голем недостаток за брзото и доброто функционирање на ова одделение. Модерниот оперативен стол, со дополнителните функции значајно ќе ја зголеми ефективноста на одделението и многу ќе ја помогне работата на докторите и медицинскиот персонал.
Во овој гест и намерата да ја помогнеме локалната болница се здруживме со Прилепска пиварница со што уште еднаш, на дело ја покажавме својата општествена одговорност. Со тоа ја докажавме и нашата одговорност што ја носиме како стопански субјекти што потекнуваат пред сè од овој град и нашата континуирана грижа за подобрување на состојбите таму каде работиме и сме дел. Воедно, се надеваме дека ќе бидеме иницијатори за уште многу вакви гестови. Токму ваквите акции можат да придонесат многу состојби да бидат променети на подобро.
Оперативниот стол е набавен од реномирана компанија, производител на специјализирана медицинска опрема и веќе е поставен во Офталмолошкото одделение на Општата прилепска болница.

Концерти

# Музика, емоции и Витаминка



Апокалиптика



Апокалиптика



Ванеса Меј

Од глобално познати виртуози на виолончело до локални и регионални бендови, Витаминка е секогаш присутна во светот на музиката. И не само што сме присутни, туку и овозможуваме граѓаните на Македонија да уживаат во музиката што ја сакаат.
И повторно, после последниве две искуства можеме да кажеме дека беше чест и задоволство да се присуствува на концертите на Апокалиптика, на Бјело дугме и на концертот на Ванеса Меј, единствен настап во регионот на познатата британска виолинистка.
Маестралната изведба на четворицата момци од Финска кои дадоа ново музичко доживување на темите од Металика, беше уникатно искуство. Иако третпат настапуваат во Скопје, овој концерт беше дел од јубилејната турнеја која одбележува 20 години нивно постоење, и се одвиваше под мотото „Апокалиптика ги свири Металика". Четворицата виолончелисти со своето музицирање ја подигнаа атмосферата до максимум завршувајќи го концертот со едногласно пеење на публиката додека четирите виолонџела одекнуваа во позадина.
Одличното чувство на препуштање на музиката беше взаемно што предизвика членовите на бендот заблагодарувајќи се на можноста да свират тука најавија и повторно доаѓање.
Желни и за поинаква музика и различно доживување, го следевме и регионално најпознатиот рок бенд од некогашните Југословенски простори.
Музиката на Бјело дугме, познатите песни, стихови и гитарски рифови, преполната Вип Арена ја исполнија со носталгични емоции. Во салата имаше гости од цела Македонија, но и од соседните Бугарија и Србија, а Брега, Тифа и Ален во два и пол часа настапија со преработки на песни од сите девет албуми на најпознатата рок-група во поранешна Југославија и сите нè вратија во некои други времиња.
Прекрасно доживување за присутните на концертот направи и Ванеса Меј, позната британска виолинистка. Некогаш нарекувана „чудо од дете", денес е еден од најпознатите виолинисти на сите времиња. Спојот на техно и класичниот стил во нејзините изведби ги понесе присутните во салата кои беа воодушевени од мега популарната виолинистка која е запишана во Гинисовата книга на рекорди како најмлад инструменталист кој изведува виолински концерти на Бетовен и Чајковски.
Музика, емоции, дружење, сето тоа во изобилство го имаше на трите концерти, а Витаминка беше дел од овие музичко незаборавни настани.

# Б е за неодоливите бонбони компримати




**Витаминка бонбони компримати некогаш**

Нашата азбука на производи ја продолжуваме со бонбоните компримати. Денес ги имаме во девет различни освежителни а истовремено и слатки вкусови и се уште претставуваат инстантно задоволство. Бонбоните во Витаминка првпат се произведени во 1985 година, година кога многу нови нешта се случија и во Витаминка е донесена уште една значајна одлука. Со стартување на производството на бонбоните за шмукање, компримати Витаминка стана единствениот производител на бонбони по светски познатата рецептура на компримирање.
Воведувањето на нова производна линија значеше инвестирање во нова опрема и прилагодување на целиот тековен производен процес на сите останати производи. Но, сето тоа даде позитивен резултат тогаш и денес, 32 години потоа континуирано производство на компримати со совршено избалансирани карактеристики, одговарачка тврдост, растопливост во устата, некршливост и постојана боја.
Откако првпат се појавија на македонскиот пазар, компримaтите на Витаминка имаа неколку менување во насока на подобрување на изгледот и пакувањето. Но, сепак производот остана константно препознатлив и баран.
Денес веќе добро познатиот бренд е достапен со вкус на банана, лимон, портокал, малина, ананас, мандарина, јагода, зелено јаболко, пеперминт и цевитана портокал вкус. Ги произведуваме со природни овошни ароми а во секој вкус има и одреден процент сушено овошје. Како диететски производ, бонбоните не содржат шеќер во својот состав и обоени се со природни бои.




**Витаминка бонбони компримати денес**

*рецепти*

# Браунис тирамису со Витаминка мармалад од цреши



## Потребни состојки

**Браунис кора**
- 200 грама брашно
- 1 Витаминка прашок за печиво
- 1 прстофат сол
- 60 грама Витаминка какао во прав
- 2 јајца
- 120 мililитри масло
- 150 грама шеќер
- 2 ќесички Витаминка ванилин шеќер
- 100 грама павлака
- 100 милилитри млака вода
- 2 лажици инстант кафе

**Прелив**
- 6-7 лажици Витаминка мармалад од цреши

**Тирамису фил**
- 200 грама путер
- 10 лажици Витаминка шеќер во прав
- 400 милилитри цеден десерт - павлака за торти
- 200 грама Витаминка ДИЕТ - чоколадо
- 70 милилитри јако црно кафе
- 3 лажици густин
- 300 милилитри млеко
- 4-5 лажици Витаминка какао во прав за посипување

## Начин на подготовка

**Браунис кора**

Сите суви состојки се мешаат, освен инстант кафето. Потоа се додаваат течностите, освен млаката вода. Водата и кафето се раствораат и се додаваат кон смесата со постојано матење со жица за матење или со миксер вклучен на слаба јачина. Кафето се додава во тенок низ, за да се лади истовремено. На тој начин се добива течна смеса. На правоаголно тавче за печење со димензии 35 x 27 см., се премачкува тенок слој путер и се разлева смесата. Се пече на 180 степени, 20 минути. Потоа се исклучува рерната и се остава уште 5 минути. Се вади од рерна и се превртува кората, на тој начин што горната страна треба да дојде долу. Се остава да се олади.
Изладената кора се премачкува со мармалад од цреши на Витаминка.

**Тирамису фил**

Се подготвува пудинг смеса, но малку погуста. Се загрева млеко и се додава растворен густин. Се меша додека да се згусне и се остава убаво да се излади.
Путерот се мати со Витаминка шеќер во прав, додека да се добие убава пена. Кон смесата се додава павлака со висок процент на масленост или цеден десерт - павлака за торти. Откако убаво ќе се спојат смесите се додава и стопеното Витаминка ДИЕТ чоколадо во тенок слој, со постојано матење. На крај се додава и јако црно кафе (2 лажици инстант велвет кафе во 70 милилитри вода). На крај лажица по лажица се додава изладениот пудинг. Смесата се премачкува врз браунис кора. Убаво се распределува и се посипува со просеано Витаминка какао во прав.

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВИТА-МИН-КА | ИСЛАМСКА РЕПУБЛИКА ПАКИСТАН | МЕТАР | ТУРСКО МАШКО ИМЕ | ХОЛИВУДСКА АКТЕРКА (СЕДМО НЕБО) | ВИТА-МИН-КА | ЗНАК ЗА ЖЕЛЕЗО | ФРАНЦИЈА |  | | | | | | |
| ЛИЧЕН СТИЛ | | | | | ФАРА ФОСЕТ / ЗАРАБОТУВАЧКА | | | | | | | | | |
| РАДИУС | | ЗАКУСКА / БРЗАЊЕ | | | | | АЛПИНИСТ | | | | | | | |
| ВИД ТЕАТАРСКО ДЕЛО | | | | | | ПОРТУГАЛИЈА | | | | | | | | |
| ГРАД ВО ГЕРМАНИЈА / ПОЗНАТА СВЕТСКА ПЕЈАЧКА, БЛАЏ | | | | | | ЛУКСЕМБУРГ / НБА КОШАРКАР | | НАУЧНИК ОД БОТАНИКА | ОБЛАСТ ВО РУСИЈА | ЗНАК ЗА ЈОД | АНГЕЛИНА ИВАНОВА | ВИТА-МИН-КА | ПРИСВОЈНА ЗАМЕНКА | ДЕЛ ОД АВТОМОБИЛ |
| МЕРИ АСТОР | | | БАКАРЕН СУЛФИТ | | | | | | | | | ЗНАК ЗА НИОБИУМ / ПРОДУКТ НА ВИТА-МИНКА | | |
| ДВЕ БУКВИ | | | ЦРНО, ТВРДО ДРВО | | Б | О | Н | | | МЕЃУНАР СОЈУЗ НА ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ / ТАЈЛАНД | | | | |
| ЗНАК ЗА РЕНИУМ | | | ЗБИР НА ПОЗИТИВНИ ВРЕДНОСТИ / ТОНА | Б | О | Н | И | | | | ЕЛЕКТРОСТОПАНСТ. НА МАКЕДОНИЈА / ВИЛ СМИТ | | | |
| ИТАЛИЈА | | СОЛ НА ТИТАНОВА КИСЕЛИНА / ЗАПАЛЕНИ ДРВА | | | | | | | | ВЕРА ВОЛКОВА | | | БЕЛГИЈА / ПРОДУКТ НА ВИТА-МИНКА | |
| ПОЗНАТ СВЕТСКИ ПЕЈАЧ, КОКЕР | | | ДЕЛ ОД ТЕЛЕВИЗОР (МН) / ХИРУРШКИ ЗАФАТ | | | | | | | МОРСКО ЖИВОТНО (МН.) / ГЕРМАНСКА НОВИНСКА АГЕНЦИЈА | | | | |
| ВЉУБЕНОСТ ВО САМ СЕБЕ | | | | | | | | | | | БОЈА НА КОЖАТА | | | |
| ХОЛАНД. ФУДБАЛЕР, СТАМ | | | | ГОЛЕМЕЦ | ЕЛЕКТРОН / ЕЛИЈА КАЗАН | | ДИМ, КАД / АВТОЗНАК ЗА ТОРИНО | | | | АВСТРИСКА НОВИНСКА АГЕНЦИЈА / АВАНТУРИСТИЧКО ПАТУВАЊЕ | | | |
| ВИТА-МИН-КА | МЛАДА СОПРУГА / ПРОДУКТ НА ВИТА-МИНКА | | | | | | | | НАША ПЕЈАЧКА, НЕДЕЛКОВСКА / ИТАЛИЈА | | | | | НБА КОШАРКАР, ВОКЕР |
| АВТОЗНАК ЗА МАЛТА | | УПРАВНИЦИ НА УНИВЕРЗИТЕТ / ГОРЕН ДЕЛ ОД СОБА | | | | | | | | МАШКО ИМЕ (НАГ.) | | | | |
| КАМЕН ТЕМЕЛНИК (АРХ.) | | | | |  | | | | | ИТАЛИЈА | | "МНОЖИНА" / НБА КОШАРКАР, КЛАРК | | |
| ЛАДИСЛАВ (НАГ.) | | | | | | | | | | НОМАД, АВАР | | | | |
| МЕСТО ЗАСАДЕНО СО ИВИ | | | | |  | | | | | ФИНСКИ ПИСАТЕЛ ЛЕИНО | | | | |
| ВИД ОТРОВНА ЗМИЈА | | | | | | | | | | ГРЧКА БУКВА | | | | |
| ДРЖАВНИК НА ООН КОФИ | | | | | | | | | | КОНАК, МЕАНА | | | НЕУТРОН | |

ИМИЏ, ФФ, Р, МЕЗЕ, ПИЕСА, П, ТРИР, Л, МА, КАРАБОЈА, НБ, ЕЊ, АБОНОС, ИЦАО, РЕ, БОНИТЕТ, ЕСМ, И, ТИТАНАТ, ВВ, Б, ЏО, ЕКРАНИ, СИПИ, ЕГОЛАТРИЈА, ТЕН, ЈАП, Е, ЧАД, АПА, НЕВЕСТА, НОНЕ, М, РЕКТОРИ, ДАРЕ, АТАЛ, И, МН, ЛАЦИ, СКИТ, ИВИК, ЕИНО, НАЈА, ЈОТА, АНАН, АН, Н.